**20140982800**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 а) точка 8 и став 1б) точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014 и 44/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27 мај 2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на Товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 102/07, 104/07, 151/07, 22/08, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011, 62/2011, 99/2011, 158/2011, 42/2012, 63/2012 и 159/2012), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 1 за лековите во колоната 7 - Режим на пропишување, се вршат следните измени и дополнувања:

- кај АТЦ кодот A02BC02 – „Pantoprazole – таблети CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „RSS – по препорака на лекар субспецијалист гастроентерохепатолог“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот C07AB07 – „Bisoprolol – таблети CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „RS – по препорака на лекар специјалист интернист /RSS – по препорака на лекар субспецијалист кардиолог“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот J01FA09 – „Clarithromycin – таблети/ капсули/ таблети со модифицирано ослободување CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „RS (со напомена: само за clarithromycin таблети/ капсули/ филм обложени таблети со фармацевтска јачина 250mg важи режимот на пропишување - R/RS, R-лекот го пропишува избран лекар - специјалист педијатар самостојно“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот J01FA09 – „Clarithromycin – суспензија CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „R/RS, R-лекот го пропишува избран лекар - специјалист педијатар самостојно“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот J01FA10 – „Azithromycin – таблети/ капсули CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „R/RS, R-лекот го пропишува избран лекар - специјалист гинеколог/ педијатар самостојно“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот J01FA10 – „Azithromycin – суспензија CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „R/RS, R-лекот го пропишува избран лекар – специјалист гинеколог/ педијатар самостојно“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот N07CA02 – „Cinnarizine – таблети CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „RS“ се заменува со ознаката „R“;
- кај АТЦ кодот J02AC02 – „Itraconazole – капсули CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „* “ се заменува со ознаката „RS/RSS со напомена - лекот се пропишува по добиено мислење од клинички конзилиум“;
- кај АТЦ кодот N03AF02 – „Oxcarbazepine – таблети CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „* “ се заменува со ознаката „RS/RSS“;

- кај АТЦ кодот N04BA03 – „Levodopa + carbidopa + entacapone – таблети СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „* “ се заменува со ознаката „RS/RSS со напомена - лекот се пропишува по добиено мислење од клинички конзилиум“;
- кај АТЦ кодот N06AX16 – „Venlafaxine – таблети СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „* “ се заменува со ознаката „RS“;
- кај АТЦ кодот N07AA02 – „Pyridostigmine – таблети СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, ознаката „* “ се заменува со ознаката „RS/RSS со напомена - лекот се пропишува по добиено мислење од клинички конзилиум“;

Член 2

Во членот 1 од Листата на лекови кај АТЦ кодот C10AA - Инхибитори на HMGCoA редуктаза инхибитори (СТАТИНИ) се бришат зборовите: „НАПОМЕНА: Се избира лек од групата на статини со најниска цена“;

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-10011/1
13 јуни 2014 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски,** с.р.